7 ОДДЕЛЕНИЕ

ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Наставник: Леонид Крстевски

ШТО Е ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА?

Вештачка интелигенција (ВИ) е технологија која им овозможува на компјутерските системи да извршуваат задачи кои бараат човечка интелигенција.

На пример:

👁️ препознавање слики
🗣️ разбирање говор
📝 создавање текст
🎯 давање препораки
🧩 решавање проблеми







ДАЛИ ВИ РАЗМИСЛУВА КАКО ЧОВЕК?

- НЕ БАШ.

✅ анализира податоци
✅ препознава документи, слики...
✅ генерира одговори
✅ предвидува резултати

❌ може да направи грешка
❌ не треба слепо да веруваме на секој одговор
❌ не секој одговор е точен



КАКО „УЧИ“ ВИ?

ПРИМЕРИ:

На системот му покажуваме многу примери на:

мачки





...

кучиња





...

Со анализирање на многу примери, системот учи да препознава обрасци.

Потоа добива нова фотографија:



„Ова најверојатно е мачка.“



ВАЖНО:

ВИ може да учи од податоци и примери за да **препознава** и да прави **предвидувања.**

КАДЕ СЕ КОРИСТИ ВИ?

ТЕЛЕФОНИ

Препознавање лице, камера, гласовни асистенти.



ЗАБАВА

Препораки за видеа, музика и филмови.



НАВИГАЦИЈА

Предлагање маршрути и проценка на сообраќај.



ВИДЕОИГРИ

Однесување на компјутерски контролирани ликови.



ОБРАЗОВАНИЕ

Помош при учење и објаснување.



ЧЕТ-БОТОВИ

Одговарање на прашања и генерирање содржина.



„Кој од овие примери сте го користеле **денес?**“



АКТИВНОСТ: „ВИ ИЛИ НЕ?“

Јас давам пример → вие гласате **ВИ** или **НЕ ВИ** ✕.

1 Телефонот го отклучуваш со лице.



ВИ

Не ВИ

2 Обичен калкулатор пресметува 25 × 8.



ВИ

Не ВИ

3 Апликација препознава која песна ја слуша.



ВИ

Не ВИ

4 Алармот се вклучува точно во 07:00.



ВИ

Не ВИ

5 Систем препознава предмети на фотографија.



ВИ

Не ВИ

6 Програма автоматски препорачува содржини според интересите на корисникот.



ВИ

Не ВИ

Не секоја автоматизација е ВИ.

Потребно е да се користат податоци, учење или интелигентни одлуки.

ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА ВИ

ПОЗИТИВНИ

⚡ извршува одредени задачи многу брзо
📊 анализира големи количини податоци
📚 помага при учење
🌍 помага при преведување
♿ ја подобрува пристапноста на технологијата



НЕГАТИВНИ

❌ неточна информација.
🔒 Ризици за приватноста.
🎭 Лажна или манипулативна содржина.
📚 Ученик може само да копира наместо да научи.
⚖️ Резултатите може да бидат неправедни.



www.reallygreatsite.com



БРЗ КВИЗ

Вештачка интелигенција



1 Што е ВИ?

- A Само робот
- B Компјутерски вирус
- C Технологија за извршување задачи кои обично бараат човечка интелигенција

2 Кој е пример за примена на ВИ?

- A Обична тетратка
- B Препознавање лице
- C USB кабел

3 Дали ВИ секогаш дава точни информации?

- A Да
- B Не



4 Што треба да направиме со важна информација добиена од ВИ?

- A Веднаш да ја споделиме
- B Да ја провериме
- C Секогаш да ѝ веруваме

5 Кое е негативно влијание на ВИ?

- A Помош при преведувaање
- B Помош при учење
- C Создавање и ширење лажни информации





ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

КАКО МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ?

Медицина | Сообраќај | Образование | Банкарство | Безбедност | Смартфони



1. **Пронајдете 2 примери** како ВИ се користи во вашата област.
2. **Изберете го најкорисниот пример.**
3. **Кажете го примерот пред одделението.**

Пример:

Област: Смартфони

- Препознавање на лице
- Гласовен асистент

→ Најкорисно: Препознавање на лице, бидејќи овозможува брзо отклучување на телефонот.